***Улогата на Училишниот Инклузивен тим***

Секое дете има право да расте и да се развива, да учи, да биде прифатено и вклучено во општеството и во воспитно – образовниот процес. Кога сите деца се образуваат заедно, се поставува камен темелник на градење на основните човекови вредности – емпатија, алтруизам, другарство и солидарност. Инклузивното образование ја вреднува различноста и уникатните придонеси кои секој ученик ги дава во училницата, така што секое дете се чувствува безбедно и има чувство за припадност.

ООУ „Страшо Пинџур“ има за цел да создаде адекватна средина за учење и развој на секој ученик, средина отворена кон заедницата и во која дружењето е составен дел од животот. Училишниот инклузивен тим се грижи за спроведување на инклузивни практики на ниво на целото училиште, а инклузивниот тим за ученик фокусот го насочува кон конкретниот ученик на кој му е потребна помош и поддршка, вклучувајќи адаптации и модификации на наставната содржина, методите и стратегиите за поддршка во училницата.

Образовните и социјалните политики во училиштето се развиваат на начин што ќе одговара на социјалните и образовните потреби на секој ученик. Во нашиот мал свет во кој секој ученик припаѓа, каде што е прифатен и поддржан од страна на соучениците и наставниците, неговите потешкотии наидуваат на разбирање и се бара начин да му се олесни и приближи наставната содржина. А потешкотиите на учениците со попречност ќе бидат разбрани само ако учениците од мали нозе ги научиме да ги разбираат и почитуваат различностите.

Токму со таа цел се организираат интерактивни и креативни работилници за одбележување на Светскиот ден ден на лицата со попреченост – 3ти Декември, 28ми Февруари – ден за поддршка на лицата со ретки болести, 21ви март – Светски ден на лицата со Down Синдром и 2ри Април – Светски ден на лицата со аутизам, вклучувајќи ги учениците од I – IX одделение, преку кои учениците ги согледуваат секојдневните потешкотии на учениците со попреченост, учат за начинот на кој тие секојдневно функционираат и комуницираат, се „ставаат“ во нивните чевли, а со тоа се зајакнуваат себеси како хумани личности, помагајќи им на своите другарчиња во извршувањето на секојдневните задачи. Во оваа наша мисија помошта и поддршката од родителите ни е и повеќе од потребна, па затоа ги вклучуваме во сите наши активности, како дел од Училишниот инклузивен тим.

Наставничкиот кадар преку обуки, презентации и семинари постојано се надоградува со нови знаења и информации за различни видови попречености, ретки болести и хронични болести, се цел да се одговори соодветно на потребите на сите ученици.

Училиштето располага со Ресурсна соба, исполнета со сензорни реквизити и помагала, катче кое е наменето за сите ученици, вклучувајќи ги атипичните и типичните ученици. Дополнителна поддршка учениците добиваат и од страна на Образовните асистенти, овозможени преку соработка со ОУРЦ „Златан Сремац".

Наша мисија е да ја развиваме општествената свест кај учениците, правата и одговорностите имајќи го во предвид еднаквиот третман на сите ученици, без разлика на пол, етничка припадност, социјален и материјален статус и националност.